АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 31.07. 2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4913 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип

3. **Период опфатен со надзорот:** од 15 до 21 јуни 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 31 јули 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 92 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (најмалку 8 часа во текот на неделата инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, од која 50% забавна и 50% народна, при што е дозволено отстапување од 5% во однос на поделбата на емитувањето на забавната и народната инструментална, вокална и/или вокално - инструментална);

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, емитуван од 15 до 21 јуни 2015 година, **е констатирано прекршување на член 92 став 4 од Законот** за аудио и

аудиовизуелни медиумски услуги. Со мониторингот е утврдено дека програмскиот сервис:

- Не ја почитува обврската во текот на неделата да емитува најмалку 8 часа вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик. Во анализираната недела емитуваше 6 часа 56 минути и 11 секунди;
- Не ја почитува и обврската за процентуалната распределба на емитуваната музика, 50% од музиката да биде забавна, а 50% народна музика. Народната музика беше застапена со 2 часа 32 минути и 53 секунди, а забавна музика со 4 часа 23 минути и 18 секунди.

**8. Опис на прекршувањето:**

Спротивно на член 92 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, во неделата од 15 до 21 јуни 2015 година, не емитуваше најмалку 8 часа вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик и не ја почитуваше обврската за процентуална распределба на емитуваната музика, 50% од музиката да биде забавна, а 50% народна музика.

**9. Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор за почитувањето на член 92 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***